# ЗАПИСНИК

*од Шестатта седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **02.06.2009 година**, **13 часот***
*Сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 13, 10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа г. Ерван Фуере, Специјален претставник на ЕУ и шеф на Делегацијата на ЕК во РМ, г. Вацлав Млезива, Прв секретар и заменик шеф на мисијата, г-ѓа Марина Курте, советник во одделот за политчки прашања во Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Петтата седница одржана на 6 мај 2008 година*

1. Реализација на главните приоритети за пристапување во Европската унија и на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ.

2. Усвојување на предлог - заклучоците од јавната расправа по предлог-Законот за меѓуопштинска соработка, одржана на 19 мај 2009 (вторник).

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1: РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГЛАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ.**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Ивица Боцевски, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

По воведното излагање на ЗПВРМ Ивица Боцевски, свое излагање имаше и Н.Е г. Ерван Фуере, Специјален претставник на ЕУ и Шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот и пратеник во Собранието на Република Македонија академик проф.д-р Владо Камбовски, член од Македонската академија на науките и уметностите, г.Тито Петковски, член и пратеник во Собранието на Република Македонија, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот и пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Кенан Хасипи, член на Советот и пратеник во Собранието на Република Македонија. Учесниците во расправата ги изнесоа своите согледувања и укажувања по однос на Информацијата.

Претседателот на Советот Радмила Шекеринска се заблагодари за дискусиите и информираше дека изнесените забелешки и сугестии ќе бидат доставени до Владата на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија, како и да бидат достапни на интернет страницата на Советот.

**ТОЧКА 2: УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД ЈАВНАТА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ОДРЖАНА НА 19 МАЈ 2009 ГОДИНА**

Предлози за изменување и дополнување на предложените заклучоци немаше. Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои предложените заклучоци.

Претседателот на Советот Радмила Шекеринска ги информираше присутните дека од почетокот на јуни до крајот на месец јули е назначена за Шеф на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за претстојните претседателски избори во Киргистан со што ја овластува Силвана Бонева, потпретседател на Советот да ги извршува обврските кои произлегуваат од работата на Советот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

БР. 30-2396/4
31. 12. 2009

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

Република Македонија * Собрание на Република Македонија * Скопје *